**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Закон за взаемно признавање на професионални квалификации |
| Министерство: | Министерство за образование и наука |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Василка Салевска -Трајкова |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Directive 2005/36/EC on the Recognition of Professional Qualifications with Comments |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

## А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

### 1. Кои се главните проблеми?

Со цел исполнување на обврските кои Република Македонија ги доби со добивањето на статусот Земја кандидат за членка на ЕУ, потребно е да се транспонираат дел од Европските директиви во Македонското законодавство. Една од обврските е хармонизација на националната легислатива со Директивата за признавање на професионалните квалификации 2005/36/EC.

Разликите во едукативните и економските системи на разните земји членки доведуваат до потешкотии и пречки за мобилноста на професионалците од една држава во друга. Ова е најистакнато во оние професии за коишто постои дефинирана постапка за вршење на дејност (лиценца, дозвола и др.).

Сегашната состојба не дозволува слободно давање на услугите од страна на давателот во земја во која не ја добил професионалната квалификација. Истото се однесува и за слободата за основање.

Едновремено, не постои единствено разбирање на концептите на професионални квалификации меѓу засегнатите страни, како: регулирани професии, либерални професии, автоматско признавање, признавање со компензационен механизам и сл.

Дополнителна потешкотија во признавањето на професионалните квалификации е непостоењето на единствена Национална рамка на професионални квалификации, која треба да биде усогласена со Европската рамка за професионални квалификации.

Иако во Македонија веќе се работи на усогласување на наставните програми во високото образование и во средните стручни училишта со одредбите од Болоњската Декларација, програмите за секторските професии не се усогласени со одредбите од Директивата 2005/36/ЕС.

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

- **Опција 1: Да не се прави ништо.**

  Нетранспонирање на директивата и прекршување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

- **Опција 2: Централизирано управување со системот за взаемно признавање на професионалните квалификации со иницијално дефинирање на минималниот број на регулирани професии**

  Воведување на систем за взаемно признавање на професионални квалификации под надлежност на Министерството за образование и наука, со дефинирање на седумте регулирани професии согласно директивата (лекар, медицинска сестра, забен протетичар, ветеринарен лекар, акушер, фармацевт и архитект).

- **Опција 3: Децентрализирано управување со системот за взаемно признавање на професионалните квалификации со идентификација на сите регулирани професии**

  Воведување на систем за взаемно признавање на професионални квалификации координирано од SCRPQ (Single Committee for Recognition of Professional Qualifications), но со дистрибуирана надлежност за дефинирање на регулираните професии.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

- **ИНСТИТУЦИИ**
  - ЦСОО: Центар за стручно образование и обука
  - МЕ: Министерство за економија
  - МП: Министерство за правда
  - МФ: Министерство за финансии
  - МЗ: Министерство за здравство
  - МЗШВ: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

- МТВ: Министерство за транспорт и врски
- МЗШВ_УВЕТ: Управа за ветеринарство
- МТСП: Министерство за труд и социјална политика
- МИО: Министерство за информатичко општество
- Секретаријат за европски прашања
- Секретаријат за законодавство
- Државен завод за статистика
- Биро за развој на образованието
- Агенција за вработување на РМ

- **КОМОРИ и ЗДРУЖЕНИЈА**
  - Адвокатска комора
  - Стопанска комора на РМ
  - Фармацевтска комора на РМ
  - Лекарска комора на Македонија
  - Стоматолошка комора на Македонија
  - Комора на архитекти и инженери
  - Здруженија на медицински сестри и акушерки
  - Ветеринарна комора
  - Занаетчиска комора
  - Сојуз на стопански комори
  - МАСИТ – комора на ИТ
  - ЕБА – европска бизнис асоцијација
  - Совет на странски инвеститори
  - Организација на работодавачи
  - Синдикат
- **ВИСОКООБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ и СТРУЧНИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА**
  - Ректорат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
  - Ректорат на Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
  - Ректорат на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
  - Ректорат на Државниот универзитет во Тетово – Тетово
  - Претставници на приватните универзитети (Европски Универзитет, ФОН, ЈИЕ Универзитет)
  - Средни стручни училишта

**Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата**

**1. Кои информации и податоци се веќе достапни?**

- Одговори на Прашалникот на Европската Комисија за подоготвка на мислење за барањето на Република Македонија за членство во Европската Унија
- Одговори на прашањата за иницирање на втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) помеѓу Република Македонија и Европската Унија
- Одговори на дополнителни прашања за иницирање на втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) помеѓу Република Македонија и Европската Унија
- Забелешки по одговорите на прашањата за иницирање на втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) помеѓу Република Македонија и Европската Унија
- Директива за признавање на професионални квалификации 2005/36/ЕС
- Тромесечни информации коишто се поднесуваат до Собранието на Република Македонија во функција на негово континуирано информирање, како и информирање на пошироката јавност за процесот на пристапување во ЕУ
- Постојната релевантна законска регулатива во РМ:
    - Закон за средно образование (Сл. Весник на Р. Македонија бр.44/95 од 20.09.1995 година)
    - Закон за високо образование (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35 од 14.03.2008 година)
    - Закон за стручно образование и обука (Сл. Весник на Р. Македонија бр.71 од 08.06.2006 година)
    - Закон за образование на возрасни (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 7 од 15.01.2008 година)
    - Закон за признавање на квалификации (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 47 од 30.06.2002 година)
    - Закон за вршење на занаетчиска дејност (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 55 од 04.05.2007 година)
    - Закон за нотаријатот (Сл. Весник на РМ бр. 55 од 04.05.2007 година)
    - Закон за адвокатурата (Сл. Весник на Р Македонија” бр. 59/02 од 15.07.2002 година)
    - Закон за вработување и работа на странци (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 70 од 05.06.2007 година)

- Закон за трговски друштва (Сл. Весник на Р Македонија” бр. 28/04 од 30.04.2004 година)

**2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

- Листа на регулирани професии во Македонија
- Статистика на барања за признавања на дипломи од високо образование од странство
- Статистика на барања на државјани на земји членки на ЕУ за работа во регулирани професии во Македонија (барања за лиценца / дозвола за работа)
- Податоци за критериумите за регулираните професии и за останатите за кои се издаваат лиценци
- Опис на степените на стручна подготовка и дипломи кои се издаваат
- Опис на степени од работнички универзитети и други академии
- Опис на обуките на судии и јавни обвинители од Академијата за обука на судии и јавни обвинители
- Поврзаност на националната класификацијата на занимања со националната рамка на професионални квалификации

**3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

Согласно критериуми за комплетна проценка - потребно е да се спроведе иницијална проценка на влијание на регулативата.

**4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

Ќе биде формирана работна група за изработка на Законот, која ќе биде составена од претставници од следниве институции:

- МОН: Министерство за образование и наука
- МЕ: Министерство за економија
- МП: Министерство за правда
- МЗ: Министерство за здравство
- МТВ: Министерство за транспорт и врски
- МЗШВ_УВЕТ: Управа за ветеринарство
- МТСП: Министерство за труд и социјална политика
- Секретаријат за европски прашања

- ЦСОО: Центар за стручно образование и обука
- Државен завод за статистика
- Организација на работодавачи
- Агенција за вработување на РМ
- Стопанска комора на РМ
- Сојуз на стопански комори
- Ректорат на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
- Ректорат на Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
- Претставници на приватните универзитети (ФОН, Европски Универзитет, ЈИЕ Универзитет)

Останатите идентификувани засегнати страни ќе бидат консултирани по потреба во текот на целиот процес на изработка на законот.